АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Су.бр.1106/2020
29.12.2020 година
Ш Т И П

Судскиот администратор на Апелационен суд Штип Александар Парчеклиев, врз основа на чл.43 ст.1 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14) по спроведената постапка по Интерен оглас бр.1/20, за унапредување на судски службеник, за работно место Раководител на одделение за информатика, 1 (еден) извршител, по доставениот Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување Су.бр.1075/2020 - 4 од 29.12.2020 година, на ден 29.12.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За работно место Раководител на одделение за информатика категорија Б, ниво Б4, 1 (еден) извршител, **се избира кандидатот:**

**ЕЛИЗАБЕТА ЏОНОВА**

За избраниот кандидат по конечноста на одлуката ќе се донесе решение за унапредување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Апелациониот суд во Штип на веб страната на судот на ден 22.12.2020 год. објавен е Интерен оглас бр.1/20, за унапредување на судски службеник, за работно место Раководител на одделение за информатика, категорија Б, ниво Б4, 1 (еден) извршител.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување согласно чл.6 ст.4 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас доставена е Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување Су.бр.1075/2020 - 4 од 29.12.2020 год.

Со Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување, Комисијата за селекција за унапредување го предложи кандидатот Елизабета Џонова како единствен рангиран кандидат на ранг листата со освоени 24 бода во сите фази на селекција за унапредување.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување Су.бр.1075/2020 - 4 од 29.12.2020 година, за работното место Раководител на одделение за информатика, категорија Б, ниво Б4, го избра кандидатот Елизабета Џонова.

Поради наведеното, согласно чл.43 ст.1 од Законот за судска служба, следуваше да се одлучи како во изреката на одлуката.

Судски администратор
Александар Пареческлиев с.р.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8 дена до Советот на судска служба.